


**Company Description**

**Magna International Inc**. е водечки светски добавувач на автомобилски компоненти посветен на развивање на нови мобилни решенија и технологија која ќе го промени светот. Нашите продукти и системи се вградени во две од секои три возила произведени во светот и глобалната мрежа на Magna International Inc. се наоѓа на пет континенти и 28 држави и се состои од 340 производствени операции и 90 центри за инженеринг, продажба и развој со повеќе од 161,000 вработени кои се фокусирани на испорачување на супериорна вредност на нашите клиенти преку иновативни процеси и производство од највисок квалитет.

За потребите на својата дивизија за производство на ретровизори Magna Mirrors, во Охридско/Струшкиот регион, имаме потреба од:

## Сетер во одделот за лиење пластика

**Главни одговорности:**

- Одговорен за алатите за лиење пластика, опкружувањето на машината, системот за сушење на гранулат;
- Ги поставува параметрите на алатите за лиење пластика;
- Ги чита и толкува нацртите, скиците, цртежите со спецификациите на производот и спецификациите кои се обезбедени од клиентот за да ги задоволи неговите барања;
- Ги прегледува процедурите и работните инструкции и дава препораки за подобрување;
- Ги следи процесите и работната документација. Врши опис на работните станици, промени во техничката и нацртната документација, воведување на промени во производната документација;
- Ги решава проблемите со помошната опрема поврзани со лиењето;
- Врши инспекција, ги мери и тестира процесите и финалниот производ согласно зададениот контролен план за производот со прецизна опрема за мерење;
- Спроведува обука на сетерите на машини;
- Ја спроведува комуникацијата за време на промена на смена / Комуникација со вработените;
- Врши проценка и учествува во подобрување на внатрешните процеси и барањата на клиентот (Kaizen, 5S);

**Главни одговорности / Барања:**

- Техничко образование;
- Минимум 2 години работно искуство во техничка област;
- Основно познавање на MS Office;
- Добри вештини во решавање на проблеми;
- Основно познавање на англиски јазик;
- Аналитичко и сеопфатно размислување и самоиницијативни способности;
- Способност за работа под притисок;
- Тимски играч.

**Место на работа:** ТИРЗ Охрид / Струга

**Краен рок за аплицирање: 31.10.2022**

Доколку сте заинтересирани за позицијата и ги имате потребните вештини, испратете го вашето CV на следната email адреса: **job.mk@magna.com** со назнака: "Сетер во оддел за лиење пластика" најдоцна до **31.10.2022**

Со доставување на Вашето CV се согласувате истото да биде задржано во нашата база на кандидати во времетраење од **12 месеци.** Ве молиме имајте предвид дека само избраните кандидати ќе бидат повикани на интервју.